вечер ...1963 ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ...



МАКЕДОНИЈА

# Во Македонски Брод, ловџии спасија 76-годишен старец од челуста на мечка

Од страна на **Вечер** - 24/10/2023 - 14:58 1745

Сподели



***Центарот за управување со кризи соопшти дека во понеделникот, помеѓу селото Пласница и Ораоец, Општина Македонски Брод, мечка нападнала и каснала возрасен човек, кој бил спасен од ловџии што случајно биле на лов во близина на местото на нападот. Откако слушнале повици за помош, тие пукале неколку пати во воздух, по што мечката побегнала, а нападнатото лице било преплашено и се здобило со телесни повреди.***

***– Одеднаш ми се појави мечката, и ме бутна на земја. Ја покрив главата со рака и таа ме касна, многу се исплашив. Почнав да барам помош и мечката која веројатно беше тешка 500 килограми, се сврте и си замина, а јас останав на земја шокиран од случката. Ми течеше крв и ловџиите ме однесоа во болницата во Кичево каде ми ги санираа повредите. Многу лошо се чуствувам, имав ноќен кошмар. Му благодарам на бога што се спасив, на такво диво животно не може човек да се спротивстави, раскажува нападнатиот Минче Рамчески***



Додека надлежните институции бараат локации каде што би се дислоцирале мечките од Општина Маврово и Ростуше, обврска што им беше наметната со одлука донесена од Владата, дивите животни сè уште слободно шетаат, напаѓаат луѓе и ги вознемируваат жителите.

Центарот за управување со кризи соопшти дека во понеделникот, помеѓу селото Пласница и Ораоец, во реонот на Старо село, Општина Македонски Брод, мечка го нападнала и каснала 76-годишниот старец Минче Рамчески од село Пласница. Тој бил спасен од ловџии што случајно биле на лов во близина на местото на нападот и ги слушнале повиците за помош.

– Откако слушнале повици за помош, тие пукале неколку пати во воздух, по што мечката побегнала, а нападнатото лице било преплашено и се здобило со телесни повреди – известија од ЦУК.

Оттаму испратија фотографија од која може да се види дека човекот има три рани од заби на половината од левата страна.

***– Одеднаш ми се појави мечката, и ме бутна на земја. Ја покрив главата со рака и таа ме касна, многу се исплашив. Почнав да барам помош и мечката која веројатно беше тешка 500 килограми, се сврте и си замина, а јас останав на земја шокиран од случката. Ми течеше крв и ловџиите ме однесоа во болницата во Кичево каде ми ги санираа повредите. Многу лошо се чуствувам, имав ноќен кошмар. Му благодарам на бога што се спасив, на такво диво животно не може човек да се спротивстави – раскажува Рамчески.***

Тој не памети досега во ова село мечка да нападне човек. Смета дека треба надлежните да преземат мерки за да не се загрозува животот и безбедноста на луѓето, дури смета дека мечките што напаѓаат треба да бидат застрелани, иако се заштитени животни.

Од Министерството за животна средина изјавија за ВЕЧЕР дека се во постапка да го реализираат задолжението од Владата.

***– Треба да дојдат претставници од Хрватска, специјализирана компанија што има опрема со чија помош би се извела дислокацијата на мечките. Во моментот, со Агенцијата за храна и ветеринарство бараме начин да го набавиме средството, односно ампулите за успивање на мечките, бидејќи не се на нашата листа. Се надеваме дека во наредните две недели активностите ќе се реализираат, а во меѓувреме чекаме и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ни определи две-три локации каде што би ги довеле мечките – информираа од Министерството за животна средина и просторно планирање.***

Имено, според одлуката на Владата, донесена на почетокот од октомври, задолженијата што министерствата треба да ги спроведат се со точно определени рокови и со нив се предвидува изработка на акциски план за управување со кафеавата мечка, формирање интервентен тим и список на можни локации за дислоцирање на овие животни.

Министерството за животна средина во рок од 12 месеци треба да изработи акциски план за управување со кафеавата мечка за територијата на Република Македонија. Исто така, е задолжено во рок од три месеци да направи анализа од регионот за формирање интервентен тим за крупни ѕверови и да ја информира Владата.

За координација на активностите на институциите, како што информираа од Владата, е задолжен директорот на Центарот за управување со кризи (ЦУК), Стојанче Ангелов.

– Директорот на Центарот за управување со кризи е задолжен да ја организира координацијата на активностите на институциите при спроведување на мерките, да организира и спроведува контрола над нивната имплементација, како и да предлага нови мерки, покрај донесените и препорачани од надлежните институции, за создавање услови за намалување на појавата на кафеава мечка во урбана средина – информираа од Владата.

Меѓу првите превентивни мерки што треба да се применат за да се намали присуството на кафеавите мечки во Општина Маврово и Ростуше, препорачани и усвоени од Владата, е и чистењето на ѓубриштата во и околу населените места што претставуваат извор за нивно привлекување. Исто така, локалната самоуправа, во соработка со јавната установа Национален парк „Маврово", согласно со надлежностите, треба навремено да го чисти сметот (дивите депонии) од сите населени места, како и од локалните патишта.

За да се надмине проблемот и за да се зголеми безбедноста на жителите на овие села, како превентивна мерка е препорачано и да се контролираат сите придружни објекти во кои се чува храна, добиток или пчели и тие да бидат обезбедени со ограда под електричен напон, а местата за одлагање комунален отпад да бидат затворени со метална ограда.

Кон крајот на септември, на вонредна седница, од Општина Маврово и Ростуше побараа Владата да прогласи кризна состојба на целата територија на Општината поради зголеменото присуство на кафеавата мечка на овие простори и опасноста што ја претставува таа за животот на граѓаните, но не беше прифатено тоа. Според проценките на Општина Маврово и Ростуше, на територијата на националниот парк има од 160 до 180 мечки, а според одредени норми од стручни лица, нивниот број би требало да биде 70.

***(А.П.)***

Претходна објава
СКАЛДИШТАТА СЕ ПРАЗНИ: Недостига муниција во светот

ПОВРЗАНИ ОБЈАВИ ПОВЕЌЕ ОД АВТОРОТ


МАКЕДОНИЈА
Фатен е бегалец од Куманово, осуден на 11 години затвор


МАКЕДОНИЈА
Мицкоски на средба со Орбан: Поддршката од Унгарија на Македонија е доказ за вистинско пријателство


МАКЕДОНИЈА
Преквалификувано делото за Мухамед Зеќири поради измените во Кривичниот законик: Судењето започна од почеток




ШТОТУКУ ОБЈАВЕНО

Во Македонски Брод, ловџии спасија 76-годишен старец од челуста на мечка
24/10/2023 - 14:58

СКАЛДИШТАТА СЕ ПРАЗНИ: Недостига муниција во светот
24/10/2023 - 14:49

Кинезите го постигнаа невозможното: Започнува нова ера во трката за хиперсонично...
24/10/2023 - 14:39

Среќата е во малите чекори – одекна порака во Гевгелија на...
24/10/2023 - 14:24

Вчитај повеќе ›




НАСЛОВНА



Број 18.344

Анкети

АНКЕТА: Дали претседателските и парламентарните избори треба да се одржат заедно?
17/10/2023 - 10:40

АНКЕТА: Дали сте за промена на Уставот според актуелниот предлог доставен...
07/08/2023 - 10:44

АНКЕТА: Дали СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ ќе постигнат договор и ќе ги...
12/06/2023 - 10:04

АНКЕТА: Дали сте за забрана на „Тик-ток" и на други социјални...
08/05/2023 - 14:51

АНКЕТА: Дали е прифатлива промената на Уставот според хрватскиот модел?
04/04/2023 - 13:00

Вчитај повеќе ›

**ВЕЧЕР Вработува!**
Редакцијата на дневниот весник ВЕЧЕР има потреба од женско лице за работно место **технички секретар**.
Кандидатката е пожелно да има високо образование, комуникациски способности и познавање на компјутерски вештини (office).

Заинтересираните да го испратат своето CV на marketing@vecer.press (во subject да пишува ЗА ВРАБОТУВАЊЕ).

ИЗДВОЕНО ФОТО


Полициски хеликоптер полни вода од вардар




АРХИВА

октомври 2023
септември 2023
август 2023
јули 2023
јуни 2023
мај 2023
април 2023
март 2023
февруари 2023
јануари 2023
декември 2022
ноември 2022
октомври 2022
септември 2022
август 2022
јули 2022
јуни 2022
мај 2022
април 2022
март 2022
февруари 2022
јануари 2022
декември 2021
ноември 2021
октомври 2021
септември 2021
август 2021
јули 2021
јуни 2021
мај 2021
април 2021
март 2021
февруари 2021
јануари 2021
декември 2020
ноември 2020
октомври 2020
септември 2020
август 2020
јули 2020
јуни 2020
мај 2020
април 2020
март 2020
февруари 2020
јануари 2020
декември 2019
ноември 2019
октомври 2019
септември 2019
август 2019
јули 2019
јуни 2019
мај 2019
април 2019
март 2019
февруари 2019
јануари 2019

вечер

Сите содржини и објави на vecer.press се авторско право на редакцијата. Делумно или целосно преземање не е дозволено. Редакцијата на vecer.press не сноси никаква одговорност за коментарите и споделувањата на социјалните мрежи, бидејќи се генерираат преку Facebook, Twitter и други, и за нив важат правилата и условите на социјалната мрежа. Објавените содржини се авторска сопственост на vecer.press

Контактирајте нè: info@vecer.press

НАЈНОВИ ВЕСТИ

Во Македонски Брод, ловџии спасија 76-годишен старец од челуста на мечка
24/10/2023 - 14:58

СКАЛДИШТАТА СЕ ПРАЗНИ: Недостига муниција во светот
24/10/2023 - 14:49

Кинезите го постигнаа невозможното: Започнува нова ера во трката за хиперсонично...
24/10/2023 - 14:39

КАТЕГОРИИ

| | |
|---|---|
| МАКЕДОНИЈА | 57817 |
| СВЕТ | 41870 |
| СПОРТ | 29687 |
| ЕКОНОМИЈА | 26034 |
| БАЛКАН | 16393 |
| СКОПСКА | 15755 |
| LIFE | 15641 |
| ФУДБАЛ | 15155 |
| ТОП 5 | 11113 |

© Вечер Прес, сите права задржани